Врз основа на член 187 став (5) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ КОИ КОРИСТАТ ПРЕМИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

## Член 1

Со оваа програма се уредува вкупната инсталирана моќност на електроцентралите по вид на технологии за кои ќе се доделува премија по спроведена тендерска постапка и склучени договори за користење на премија во 2025 година и износот на средствата потребни за исплата на премиите за произведената и продадена електрична енергија во 2025 година.

## Член 2

(1) Средствата за реализација на оваа програма изнесуваат 57.000.000,00 денари и се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 10101 Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 32 – Развој на енергетика, Категорија 46 – Субвенции и трансфери, Ставка 464 – Разни трансфери.
(2) Средствата за реализација на оваа програма се наменети за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија како дополнителен износ на цената која ја оствариле со продажбата на произведената енергија на пазарот на електрична енергија.

## Член 3

Средствата утврдени во член 2 став (1) од оваа програма ќе се користат за исплата на премии за произведената и продадена електрична енергија од повластени производители кои користат премија во 2025 година.

## Член 4

Корисници на средства од оваа програма се производителите на електрична енергија кои што во согласност со Законот за енергетика (*) се стекнале со право на користење на премија.

## Член 5

Средствата од член 2 став (1) од оваа програма се наменуваат за исплата на премии на повластени производители кои произведуваат електрична енергија од фотонапонски електроцентрали, со вкупна инсталирана моќност не поголема од 90 MW.

Член 6

Максималниот референтен износ на фиксна премија за производство на електрична енергија во 2025 година изнесува 15 евра/MWh за фотонапонски електроцентрали. Службен весник на РСМ, бр. 29 од 11.2.2025 година.

Член 7

Средствата од член 2 став (1) од оваа програма се доделуваат врз основа на договори за користење на премија склучени помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и корисникот на средствата.

Член 8

Исплатата на средствата од член 2 став (1) од оваа програма се врши од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на месечно ниво, врз основа на доставено барање за исплата на премија за продадена електрична енергија, произведена од сопствено производство за претходниот месец. Кон барањето се доставуваат: фактура за испорачана електрична енергија на купувачот и податоци од операторот на електропреносниот систем, односно електродистрибутивниот систем за измерена и испорачана енергија во соодветната мрежа, како и друга документација согласно договорот за користење на премија склучен помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и корисиникот на средствата. Износот за плаќање на премија се изразува во денари според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на последниот работен ден во календарскиот месец за кој се однесува фактурата.

Член 9

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма се грижи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Член 10

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-742/11<br>4 февруари 2025 година<br>Скопје

Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>Љупчо Димовски, с.р.